Акционерско друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката
03-4520/1
23-07-2025

**Sanja Jovanovic**

| | |
|---|---|
| **From:** | Aleksandar [redacted] |
| **Sent:** | Wednesday, July 23, 2025 1:04 AM |
| **To:** | sanja.jovanovic@adsdp.mk; po.bitola@adsdp.mk; elena.drangovska@adsdp.mk |
| **Cc:** | [redacted] |
| **Subject:** | Повторно барање за пристап до информации од јавен карактер и целосна документација: Деловен простор ул. Широк Сокак бр. 42А, Битола (Договор за закуп бр. 11-959/3 од 28.09.2022 година) – Врска: арх.бр. 03-4191/3 од 09.07.2025 година |
| **Attachments:** | АДССДП комплет Скопје документи нивна архива инфо од јавен карактер - Bitola.pdf; Имотен лист 15592 Феб 2024.pdf |

**До:** АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката (АДССДП) ул. „Орце Николов“ бр. 138 1000 Скопје

**Од:** [redacted]
ул. [redacted]
**Датум:** 23.07.2025

**Почитувани,**

Ви се обраќаме како сосопственици на земјиштето (дворот) на ул. „Широк Сокак“ бр. 42А, Битола (КП 11502 КО Битола 3), на кое се наоѓа деловниот простор со кој стопанисува вашето Акционерско друштво, а кој е предмет на Договор за закуп бр. 11-959/3 од 28.09.2022 година со закупецот [redacted] Бисера Комерц ДООЕЛ Битола.

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/2019), а во продолжение на претходната комуникација по нашето барање арх.бр. 03-4191/3 од 09.07.2025 година, од Имателот (АДССДП) ја бараме следната информација од јавен карактер:

**Опис на информацијата која се бара:** Целокупна и комплетна документација поврзана со деловниот простор на ул. „Широк Сокак“ бр. 42А, Битола (КП 11502 КО Битола 3) и Договорот за закуп бр. 11-959/3 од 28.09.2022 година. Ова вклучува, но не е ограничено на:

- **Записник за примопредавање на деловниот простор во владение.**
- Сите анекси, дополнувања, измени, спогодби или раскинувања на Договорот за закуп.
- Сите службени белешки, извештаи или други акти изготвени од АДССДП во врска со контрола на состојбата на деловниот простор и исполнувањето на договорните обврски од страна на закупецот.
- Секаква друга релевантна документација поврзана со стопанисувањето и користењето на предметниот деловен простор.

**Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:**

- в) фотокопија
- г) електронски запис

**Начин на доставување на информацијата:**

- г) е-маил (на горенаведените електронски адреси)

Како сосопственици на земјиштето и директно засегнати страни, инсистираме на итно доставување на оваа документација. Очекуваме дека како имател на информации од јавен карактер и стопанисувач со државен имот, располагате со целокупната и уредно евидентирана документација.

Ве молиме горенаведената документација да ни биде доставена **во најкус можен рок.**

Очекуваме ваша целосна соработка и одговорно постапување согласно законските одредби.

Со почит,

[redacted]

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА
И СТОПАНИСУВАЊЕ СО СТАНБЕН ПРОСТОР
И СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА
РЕПУБЛИКАТА - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 474, телефон: 3111-387

| наш знак | ваш знак | дата |
|---|---|---|
| 03-4520/3 | | 24-07-2025 |

Врз основа на член 20 и член 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019) Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката- Скопје, а во врска со барањето арх.бр.03-4520/1 од 23.07.2025 година го донесе следното

## РЕШЕНИЕ

1.**Се прифаќа** барањето арх.бр. 03-4520/1 од 23.07.2025 година за пристап до информација од јавен карактер , а во врска со барање на целокупна документација поврзана со деловен простор на ул:Широк Сокак бр:42А

2.Ова решение стапува на сила со денот на донесување

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со Вашето барање наш арх.бр.03-4520/1 од 23.07.2025 за пристап до Информации од јавен карактер, а во врска со со барање на на целокупна документација поврзана со деловен простор на ул:Широк Сокак бр:42А

Согласно податоците добиени од страна на ПО Битола , Ви го доставуваме следниот одговор:

Подружница Битола, при АДИССДП нема склучено анекси, дополнувања,,измени ,спогодби или раскинувања на Договор за закуп , и не поседува други службени белешки , извештаи или др.акти како што е наведено во барањето од страна на барателот.

Целокупната документација со која располагаме, а која се однесува на прдеметниот деловен простор ви е испратена на ден 09.07.2025 година на е-маил:adv.pili@yahoo.com и на адреса: ул:Филип II Македонски со арх.бр.03-03-4191/3.

Во прилог, Ви испраќаме Записник за примопредавање на деловниот простор ул :"М.Тито "бр.42 А , со арх.бр.11-959/4 од 17,10,2022 г.

Службено лице за посредување при остварување
на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
во отсуство на службеното лице Елена Дранговска
Сања Јовановиќ Дамјановска